DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

# Зајакнување на реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија преку активна системска анализа

## Патоказ со индикатори за мерење на перформансот на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија во поглед на транспарентноста, отчетноста и ефективноста

Овој Патоказ е дел од интервенцијата *„Зајакнување на реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија преку активна системска анализа и размислувања на повеќе чинители“* изработена во рамките на **Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**, спроведена од ДЦАФ-Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор. Овој патоказ ги прикажува и резимира наодите – практични и инструментални – врз основа на докази и квалитативни примарни податоци добиени преку интервјуа, отворени прашалници и номинални групи со претставници од разузнавачкиот и безбедносниот сектор, како и независни актери.

Ставовите изнесени во овој Патоказ се на C3I и не ги одразуваат ставовите на ДЦАФ, донаторите или институциите што се споменати или преставени во оваа публикација.


**Автори:**
Методи Хаџи-Јанев
Љубица Пендароска Крстевска (автор соработник)
Димитар Богатинов (автор соработник)

**Превод од англиски на македонски:**
Иван Колеќевски

**Уредник:**
Марија Јанкулоска


**Оригинален наслов:**
Enhancing the Intelligence and Security Sector Reforms in North Macedonia through Active System Analysis and Multi-Stakeholder Reflections:
“*Roadmap with Performance Indicators for Assessing Transparency, Accountability, and Effectiveness in the Intelligence and Security Sector of North Macedonia*”


© DCAF, 2024. Сите права се задржани.


Скопје, 2024 год.

**За ДЦАФ**
ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор е посветен на подобрување на безбедноста на државите и нивните граѓани во рамки на демократското владеење, владеење на правото, почитување на човековите права и родовата еднаквост. Од своето основање во 2000 година, ДЦАФ придонесе за создавањето на мирот и развојот да бидат поодржливи помагајќи им на државите партнери и меѓународните актери кои ги поддржуваат овие држави, да го подобрат управувањето со нивниот безбедносен сектор преку инклузивни и партиципативни реформи. ДЦАФ креира иновативни производи на знаење, промовира норми и добри практики, обезбедува правни и политички совети и го поддржува градењето капацитети на засегнатите страни и на државниот и на недржавниот безбедносен сектор.


DCAF - Geneva Centre for Security Sector Governance
Maison de la Paix
Chemin Eugène-Rigot 2E
CH-1202 Geneva, Switzerland
Tel: +41 22 730 94 00
info@dcaf.ch
www.dcaf.ch
Twitter @DCAF_Geneva



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.74.07(497.7)(047.31)
355.3.07(497.7)(047.31)
355.40.07(497.7)(047.31)

ХАЏИ-Јанев, Методи
Зајакнување на реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија преку активна системска анализа [Електронски извор] : патоказ со индикатори за мерење на перформансот на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија во поглед на транспарентноста, отчетноста и ефективноста / [автори Методи Хаџи-Јанев ; Љубица Пендароска Крстевска (автор соработник), Димитар Богатинов (автор соработник) ; превод од англиски на македонски Иван Колеќевски].
- Скопје : ДЦАФ Центар за управување со безбедносниот сектор – Женева,
2024

Начин на пристапување (URL):
https://c3initiative.com/mk/category/aktivnosti/. - Текст во ПДФ формат,
11 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 17.09.2024. - Превод на делото: Enhancing the intelligence and security sector reforms in North Macedonia through active system analysis and multi-stakeholder reflections : roadmap with performance indicators for assessing transparency, accountability, and effectiveness in the Intelligence and Security Sector of North Macedonia

ISBN 978-608-5046-00-3

1. Пендароска Крстевска, Љубица [автор] 2. Богатинов, Димитар [автор]
а) Безбедносен сектор -- Добро управување -- Патоказ на индикатори -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 64435205

# ДЕФИНИЦИИ

**Транспарентноста** на безбедносниот сектор подразбира јавност, достапност и видливост на постапките, мерките, трошоците и ефектите на некоја активност. Транспарентноста е од клучно значење за да се обезбеди добро владеење во разузнавачкиот и безбедносниот сектор, и претставува отвореност за јавна контрола преку овозможување на пристап до информации, прописи, активности и процеси.

**Отчетноста** претставува постоење на механизми што овозможуваат одговорност на безбедносниот сектор за своите задачи, постапки и начини на кои ги извршува своите задачи. Отчетноста може да биде во форма на мека или тврда одговорност и може да биде хоризонтална или вертикална. Претпоставките за ефективна отчетност на безбедносниот сектор секогаш вклучуваат силно граѓанско општество, консолидирани институции и цврста законодавна основа.

Начелата на „транспарентност и отчетност“ се од суштинска важност при спречување на злоупотреби во безбедносниот сектор за политички цели, како и спречување на коруптивни практики. Овие начела се клучни во обезбедувањето на доверба на јавноста и легитимитетот на безбедносните институции.

**Ефикасноста** и **ефективноста** се испреплетени начела што се однесуваат на вкупниот квалитет на резултатите на безбедностниот сектор. Ефективноста се однесува на степенот до кој разузнавачките и безбедносните институции ги исполнуваат своите задачи и одговорности според највисоките стандарди. Ефикасноста, од друга страна, подразбира исполнување на овие задачи и одговорности со оптимално искористување на јавните ресурси.

**Дигитализацијата на безбедносниот сектор** претставува процес на влијание врз начинот на кој се оптимизира безбедносниот сектор преку користење на дигитални алатки. Развојот на информациските и комуникациските технологии (ИКТ) отвора нови можности за подобрување на учинокот, оптимизацијата на човечкиот капитал и ресурси, подобар надзор и контрола, како и поголема вклученост на независни чинители во процесите на реформи, мониторинг и надзор.

**ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ РАЗУЗУВАЧКИ И БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР ВО ПОШИРОКА СМИСЛА ЌЕ ОВОЗМОЖИ:**

- зајакнување на вкупната функционалност,
- подобрување на капацитетите на секторот за стратешка комуникација,
- оптимизација на процесите на раководење и управување во рамките на секторот,
- подобрување на меѓуинституционалната комуникација како императив за холистички решенија во оспоруваното безбедносно окружување,
- подобрување на транспарентноста и отчетноста,
- јакнење на законодавните постапки,
- подобрување на ефикасноста преку кратење на време и трошоци,
- зголемен поврат на инвестицијата,
- зголемување на инклузивноста и довербата.

Дигиталната трансформација треба да вклучува информации што се достапни, форматирани и автоматизирани со цел да се зголеми ефикасноста, транспарентноста и отвореноста за контрола.

# КОНТЕКСТ

Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија помина низ серија реформи, што овозможија концептуална рамка за либерално демократско функционирање во рамките на националниот безбедносен систем и заштита на граѓанските слободи и права. За разлика од претходно, современото законодавство нуди можност за подобрен надзор и поголема отчетност и транспарентност. Сепак, траекторијата на реформите вклучува динамичен и непрекинат процес со инклузивна и сеопфатна вклученост на сите релевантни чинители.

Овој патоказ се заснова на фактот дека недостигаат индикатори или некоја конкретна објективна матрица за мерење на остварливоста напринципите на доброто управување со безбедносниот сектор, односно на ефективноста, ефикасноста, транспарентноста и отчетноста на разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

**Методолошки пристап**

За потребите на истражувањето и развојот на индикаторите беше употребена комбинирана квалитативна методологија во период од 6 месеци.

- **Контекстуална (прелиминарна) студија** што комбинира два методолошки пристапи: *деск анализа*, и *квалитативна анализа* преку директни, полуструктуирани интервјуа и отворени прашалници со претставници од разузнавачките и безбедносните институции, како и членови на комисиите за надзор врз работата на безбедносните и разузнавачките служби во Собранието на Северна Македонија.
- **Квалитативна анализа преку работилница со техника на номинални групи,** односно дискусии преку прилагодена вежба со сценарио. Овој пристап што вклучува повеќе чинители овозможи соочување со прашања преку конструктивно решавање на проблеми и колаборативна размена на идеи од страна на претставници на разузнавачките и безбедносните институции, како и независни чинители (претставници од граѓански организации, медиуми и академска заедница) и помогна во размена на мислења и поттикна тестирање на воспоставените практики. Дискусијата генерираше идеи, ги подреди прашањата по приоритет и го тестираше решавањето на проблемот преку повеќе чинители за прашања од заеднички интерес.

Студијата имаше за цел да стави акцент на тековните предизвици и функции во разузнавачкиот и безбедносниот сектор преку неколку варијабли, вклучително и нивото на обезбедување на информации за општата јавност, потенцијалот на информатички и комуникациски технологии (ИКТ) во јакнење на управувањето со разузнавачкиот и безбедносниот сектор, можности за меѓуинституционално учење и пренесување на знаење, како и употреба на дигитални алатки за подобрување на транспарентноста и отчетноста.

## ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПОВРЗАНИ СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Истражувањето и опсежната анализа утврди неколку јасни предизвици поврзани со дигиталниот екосистем и барањата за реформи, кои можат да се прикажат на следниот начин:

- Двојството и нарушувачката природа на некои од новите технологии го забрзуваат процесот на редистрибуција на моќ, а со тоа влијаат врз установените процеси на добро владеење вгнездени во рамките на либералната рамка на отчетност и транспарентност;
- Различни концептуални поставки во дигиталната сфера (која е хоризонтална и зависи од крајните корисници) и физичкиот свет (која е вертикален од врвот надолу, вграден во теоријата на социјален договор) креираше невидени тензии во рамнотежата помеѓу националната безбедност и граѓанските слободи;
- Идејата врз која се развива целата дигитализација не е изградена за отчетност туку за комуникација, па оттаму и начелата на отвореност, поврзаност и меѓузависност, сите иманентни на дигитализацијата, ги потиснуваат геопросторните претпоставки врз кои се создадени државите и правилата и начелата што тие ги креирале;
- Споделување на информации и функционирање во вакуум без усогласување на законодавството, процедурите и ресурсите останува предизвик во едно сензитивно окружување;
- Социо-економските и политичките фактори што ја формираат специфичноста на контекстот креираат ограничувања во реформите на безбедносниот сектор засновани на технологија;
- Личните (ефект на затворени кругови) и административните бариери често не успеваат да одат во чекор со траекторијата на реформите.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРА ЕФИКАСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА РАЗУЗНАВАЧКИОТ И БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија треба да се заснова на професионални заслуги и стандарди вградени во либерална демократска рамка, на транспарентен и отчетен начин;
2) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија треба да биде предмет на надзор што е целосен, доследен и систематски. Надзорот треба да биде целосен во поглед на тоа „кој“ го врши надзорот, „кога“ се врши надзорот и „како“ телата за надзор го вршат истиот. Кога се работи за „кој“ го врши надзорот, има потреба од вклучување на владата, парламентот, правосудството, како и специјализирано (вонпарламентарно, независно граѓанско) тело. Граѓанското општество треба исто така да игра активна улога, под претпоставка дека е независно и соодветно информирано. Кога се работи за „кога“ треба да се изврши надзорот, тој треба да вклучува **претходен, тековен и дополнителен надзор**. Во однос на „како“ треба да се изврши/спроведе надзорот, тој мора да се фокусира на **преглед на законитоста и ефективноста**. Во поглед на „што“ треба надзорот да земе во предвид, тој треба да биде конципиран за да ги покрие **сите фази на работните циклуси на разузнавачкиот и безбедносниот сектор**. Ова значи дека надзорот ги зема во предвид прибирањето на податоци, чувањето на податоци, селекцијата на податоци и анализата на податоци.
3) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија треба да биде предмет на надзор што е целосно финансиран, обучен и опремен. Користење на оправдувања како што се сложено законодавство само му наштетува на имиџот, а со тоа и способноста за стручна работа на секторот, и ја подрива довербата на јавноста. Владата треба да овозможи телата за надзор да имаат соодветно финансирање, програми за градење на капацитети и релевантни ресурси за вршење на надзор.
4) Нормативниот пат мора да биде природно врзан со претходна и дополнителна контрола на законите поврзани со разузнавање и безбедност, во врска со нивното прагматично спроведување со цел да бидат заштитен механизам кон поефикасна и доследна законодавна, нормативна и регулаторна рамка.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРА ЕФИКАСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА РАЗУЗНАВАЧКИОТ И БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

5) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија има потреба од дигитализација што ќе го зајакне неговиот учинок и ефективност, но исто така ќе ја зголеми транспарентноста, отчетноста и довербата на јавноста. Се очекува дигитализацијата на судските наредби да ја зголеми ефикасноста во електронската размена на податоци и информации, што последователно ќе го намали времето и ќе ја зголеми довербата на јавноста. Но тука треба да се земат во предвид и ризиците. Соодветноста на дигиталната заштита преку релевантни техники за дешифрирање е клучно за глатко и ефективно завршување и резултати од тековните процеси на дигитализација. Ова изискува пристап со повеќе чинители и меѓуинституционално учење меѓу релевантните чинители во градење на силен и безбеден еко-систем во секторот на дигитална безбедност.
6) Додека ја прифаќа дигитализацијата, македонскиот разузнавачки и безбедносен сектор мора да ги земе во предвид предизвиците поврзани со конвергенција што се дел од процесот и да ги гради неговите капацитети (човечки капитал, технологии и процеси) засновани на добри либерални демократски пракси што промовираат отчетност и транспарентност.
7) Чинителите во безбедносниот сектор треба да ја гледаат дигитализацијата во поширока смисла, што може да овозможи поголема транспарентност преку искористување на дигиталната технологија за попристапни бази на податоци со релевантни документи (законодавни и политички) на веб-страници, со што полесно би се спроведувал цивилниот надзор. Тоа ќе ги направи институциите повеќе инклузивни и отворени за надзор.
8) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија мора да работи на градење на капацитети за подобрување на способностите за стратешка комуникација, информирање на јавноста и градење доверба со цивилниот сектор и медиумите.
9) Разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија треба да ја земе во предвид културолошката промена од одбивање на ризикот во управување со ризикот, за да ги исполни прекупотребните реформски критериуми заедно со поврзаните придобивки и ризици.
10) Владата треба да работи на добри демократски пракси за јакнење на улогата на граѓанскиот сектор во вкупниот надзор врз разузнавачкиот и безбедносниот сектор. Ова може да вклучува активности поврзани со зголемување на свеста и градење на капацитети со што би се подобрила способноста на граѓанскиот сектор да ја извршува таа задача.

## ИНДИКАТОРИ ЗА УЧИНОК ВО РАЗУЗНАВАЧКИ И БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР ПОВРЗАНИ СО ЕФИКАСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Овие индикатори се креирани за да му послужат на раководството, носителите на одлуки и вработените во разузнавачките и безбедносните институции како **веродостојна и објективна алатка** во мерење/верификација на успешноста (постигнати резултати) и за систематско осврнување на недостатоците поврзани со начелата на доброто владеење во безбедносниот сектор. Тие исто така може да им послужат на независните актери (граѓански организации, медиуми и академска заедница) во извршувањето на нивните функции на граѓанска контрола. Индикаторите се поделени во три категории: 1) Ефективност и ефикасност, 2) Транспарентност, и 3) Отчетност. Тие се квантитативни (со предодредена вредност) и квалитативни (описни). Индикаторите се однесуваат на конкретен контекст, ја одразуваат локалната реалност и се засноваат на примарни податоци (добиени со директен инпут преку структуиран метод на дискусии во номинални групи, отворени прашалници и индивидуални интервјуа со претставници од разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија, надзорните тела и независните актери).

| | **Индикатори за учинок во разузнавачки и безбедносен сектор поврзани со ефикасност, транспарентност и отчетност (веродостојна и објективна метрика)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор** | **Индикатор** | **Вид** | **Референтна вредност (за квантитатив-ни индикатори)** | **Извор на верифика-ција** | **Приоритет** | **Потребна активност** |
| | **Категорија 1: Ефективност и ефикасност** | | | | | |
| Оперативно-техничка агенција (ОТА) | **Ниво на системи, алатки и кадар за поддршка на дигитализацијата** | квалитативен | / | Годишни извештаи | висок | Зајакнување на процедурите; техничка поддршка; отстранување на администра-тивните пречки |
| Оперативно-техничка агенција (ОТА) | **Дигиталниот систем за спроведување на судски наредби за посебни истражни мерки (ПИМ) е оперативен и функционален** | квалитативен | / | Судски извештаи | висок | Намалување на администра-тивните бариери |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Процент на кадар обучен за работа со дигитални алатки во поддршка на разузнавачките акивности** | квантитативен | > 30% | Извештаи од евалуација | среден | Активности за градење капацитети; стручни обуки |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Ниво на оптимизација на кадар (помалку персонал и време потребно за обезбедување услуги)** | квалитативен | / | Директни дискусии или полу-структуирани интервјуа со персоналот | среден | Олеснување на процедурите; техничка поддршка; програми за вкрстени обуки |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Број на надзорни активности и извештаи од надзор со нотиран напредок** | квантитативен | > 3 годишно | Надзорни извештаи | висок | Состаноци и обуки за зголемување на свеста |

| | Индикатори за учинок во разузнавачки и безбедносен сектор поврзани со ефикасност, транспарентност и отчетност (веродостојна и објективна метрика) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор** | **Индикатор** | **Вид** | **Референтна вредност (за квантитатив-ни индикатори)** | **Извор на верифика-ција** | **Приоритет** | **Потребна активност** |
| | **Категорија 2: Транспарентност** | | | | | |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Закононските прописи и политики се лесно достапни и јавни** | квалитативен | / | Официјални веб-страници | висок | Кампањи за зголемување на свеста; политички дијалог |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Воспоставена транспарентна организациска структура (кој, што, зошто)** | квалитативен | / | Официјални веб-страници | среден | Кампањи за зголемување на свеста; политички дијалог |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Постоење соодветни информации околу буџетските распределби (финансиски политики, буџет, трошење)** | квалитативен | / | Официјални веб-страници | среден | Кампањи за зголемување на свеста; политички дијалог |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Број на интервјуа, јавни изјави и брифинзи за медиуми од страна на разузнавачкото и безбедносното раководство** | квантитативен | > 3 годишно | Официјални веб-страници; интернет; мејнстрим медиуми | висок | Кампањи за зголемување на свеста; политички дијалог |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Разновидност на медиуми и платформи кои се користат за комуникација со јавноста** | квалитативен | / | Официјални веб-страници; интернет; мејнстрим медиуми | среден | Кампањи за зголемување на свеста; политички дијалог |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Број на покренати иницијативи за соработка со независни актери и чинители** | квантитативен | > 3 годишно | Регистар на договори за соработка | висок | Подобро информирање и граѓанска контрола |

| | Индикатори за учинок во разузнавачки и безбедносен сектор поврзани со ефикасност, транспарентност и отчетност (веродостојна и објективна метрика) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Засегнат сектор** | **Индикатор** | **Вид** | **Референтна вредност (за квантитатив-ни индикатори)** | **Извор на верификаци-ја** | **Приоритет** | **Потребна активност** |
| | **Категорија 3: Отчетност** | | | | | |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Постоење и достапност на извештаи за отчетност** | квалитативен | / | Официјални веб-страници; периодични извештаи; директни дискусии со раководството на безбедносниот сектор | висок | Обуки за интегритет |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Воспоставена цврста отчетност (генерална одговорност и механизми за лична одговорност)** | квалитативен | / | Интерни прописи/извештаи (доколку се јавно достапни); надзорни извештаи | висок | Развој на системски-насочени стратегии; Градење на свесност |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Постоење на вертикална отчетност: учество и инклузивност во донесувањето на одлуки, отвореност за демократска контрола и надзор** | квалитативен | / | Извештаи од независни актери; истражувања, (интервјуа, фокус групи) | среден | Поддршка на активности за независен мониторинг и контрола на јавноста |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Постоење на хоризонтална отчетност: подобра комуникација и известување помеѓу институции, сектори и чинители** | квалитативен | / | Извештаи од независни актери; истражувања, (интервјуа, фокус групи) | среден | Меѓусекторска поддршка; менторство; работни посети; јасни стандарди за известување |
| Разузнавачки и безбедносен сектор во целина | **Ниво на јавна доверба** | квантитативен | > 30 % | Истражувања, анкети за јавно мислење | висок | Зајакнување на комуникацијата помеѓу чинителите во безбедносниот сектор и независните актери (граѓански сектор, медиуми…) |

## Заклучни забелешки

Дискусиите во номинални групи утврдија неколку важни размислувања поврзани со генералните согледувања на разузнавачките и безбедносните служби. И претставниците на безбедносните институции и независните актери сметаат дека давањето информации на општата јавност претставува важен сегмент во градење на транспарентноста и отчетноста, но сензитивноста на активностите ја инхибира отвореноста на институциите.

Главните асоцијации на претставниците на независните актери (граѓански организации, медиуми и академска заедница) кога се споменуваат разузнавачките и безбедносните институции и нивната работа се ригидност, бирократија и затвореност. Овие чинители сѐ уште гледаат на разузнавачките и безбедносните служби на еден традиционален начин, како тела чија функција е да извршуваат прикриени операции, а не како на достапни обезбедувачи на безбедност.

Од друга страна, претставниците на институциите имаат малку поумерен поглед на ова прашање и веруваат дека преку соодветни комуникациски стратегии и информативни кампањи, разузнавачко-безбедносната заедница може да биде поблиска до јавноста и да се зголеми довербата во разузнавачките и безбедносните институции.

Сепак, мнозинството испитаници се согласуваат дека постои недостаток на познавања и разбирање кај јавноста за тоа како безбедносниот сектор да се повика на одговорност. Сепак, тие се согласни дека демократизацијата на безбедносниот сектор треба да се заснова на начелата на учество, отвореност за јавна контрола и транспарентност, што меѓудругото, ќе ја зајакне демократската легитимност на безбедносните институции.

Кога се работи за функционалност во работата, мнозинството учесници се на став дека учинокот на безбедносниот сектор би бил многу повисок доколку безбедносната заедница се потпре на дигитални алатки засновани на добри практики, заштита на човекови права и добро дефинирани механизми за отчетност. Беше заклучено дека иако постои значителен напредок во последните години во однос на зголемената транспарентност и отчетност на разузнавачко-безбедносниот сектор, сепак сѐ уште постојат недостатоци и празнини во законодавството во обезбедувањето на целосна транспарентност и достапност на информации, имајќи во предвид дека најголем дел од законодавната рамка е или непрецизирана или не содржи конкретни одредби што ги регулираат гаранциите за транспарентност и отчетност. Иако степенот на посветеност не е воедначен во сите безбедносни институции, потребата за зголемување на напорите заради пополнување на празнините во отчетноста и транспарентноста се повеќе од очигледни и треба да се прецизираат врз основа на институционалните потреби.